АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03-09.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5276 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје
3. **Период опфатен со надзорот:** 6 август 2015 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 септември 2015 година
5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик и/или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 9 февруари 2015 година, за непочитување на член 64 став 3 од Законот, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-372, 09.02.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје. Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

*Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис емитуван на 16 март 2015 година, констатирано е дека субјектот на надзорот ( радиодифузерот) **<u>во целост постапил по решението</u>**, односно ја отстранил извршената повреда на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

*На 23.02.2015 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 3 февруари 2015 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-481, 23.02.2015 година). Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

*Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис емитуван на 30 март 2015 година, беше констатирано дека **<u>во целост не постапил по решението</u>** за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-481, 23.02.2015 година), односно и понатаму ги прекршува одредбите од член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.Во согласност со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06, 69/06, 51/11), Агенцијата спроведе постапка за порамнување која заврши успешно односно сторителите на прекршокот во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на платниот налог платија половина од висината на глобите утврдени во казнените одредби на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за што беше составен Записник за успешно спроведена постапка за порамнување бр.03-2883/8 од 30.04.2015 година.*

## 7. Констатации од надзорот:

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, емитуван на 6 август 2015 година, **<u>констатирано е прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>** (обврска дневно да емитува најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на албански и на македонски јазик, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување, сервисот го емитува на албански и на македонски јазик ).

Со надзорот е констатирано дека на 6 август 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје емитуваше 4 часа 51 минута и 58 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на албански и на македонски јазик, што е **24,20%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (20 часа 6 минути и 37 секунди). Законскиот минимум од 40% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 6 август што влегува во пресметка за изворно создадена програма (20:06:37), е 8 часа 2 минути и 39 секунди. Програмскиот сервис на трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје емитувал за 3 часа 10 минути и 41 секунда помалку изворна програма од тоа време.

Инаку, половина од овој законски минимум е 4 часа 1 минута и 19 секунди изворно создадена програма во РМ на албански и на македонски јазик, што медиумот требало да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, ТРД АЛСАТ – М ДОО Скопје, емитувал вкупно 4 часа 2 минути и 37 секунди, со што ги почитува одредбите од <u>став 14 на член 92</u>, најмалку

половина од обврската за изворно создадена програма, да ја оствари во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, на 6 август 2015 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на албански и/или на македонски јазик.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 23 февруари 2015 година и успешно спроведената постапка за порамнување на 30 април 2015 година, реализирана по констатираниот прекршок со контролниот надзор реализиран во март, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, повторно го прекршил член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврска дневно да емитува најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на албански и на македонски јазик), односно продолжил со истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во текот на годината.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка